Australian Macedonian
TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1974 16 AUGUST 2024 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# ГОРИ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРКОВИ „МАВРОВО“ И „ГАЛИЧИЦА“



## МИЦКОСКИ ОБЈАВИ ВОЈНА НА АРСОВСКА: СЕДУМ ДЕНА ДА ГО СПАСТРИ СКОПЈЕ ИЛИ ВЛАДАТА ЌЕ СЕ ВКЛУЧИ




## ДАЛИ КАМАТНИТЕ СТАПКИ ЌЕ СЕ НАМАЛАТ ОВАА ГОДИНА?

# Спасен од опожарување манастирот „Свети Ѓорѓи“ во село Паралово, со гробот на Ѓорѓи Сугаре



Шумски пожар се закануваше да го зафати преубавиот манастир „Свети Ѓорѓи“ во селото Паралово (општина Новаци), каде почива славниот војвода Ѓорѓи Сугаре.

Помош се бараше од сите страни, потребни беа багери, механизација и што повеќе доброволци, за конечно на олеснување на сите да пристигне информација дека ова светилиште спасено. Практично манастирот „Св. Ѓорѓи“ е спасен со појас исчистен од 100-тонски багер пуштен од РЕК Битол, а управуван од искусниот машинист Пеце Јанкуловски и контра оган под водство на 30 доброволци од „Архангел“. Шеснаесет часа во битката со огнот учествувало и локално население како и 20 пожарникари од Битола.

Пецета Јанкуловски од битолската населба Горно Оризари го извикале од годишен одмор и успеал да го пренесе булдожерот три километри по козји пат, на стрмен кос терен.

- Не ми беше толку страшно гаснењето, колку што ми беше страшно да ја пренесам машината од Грумази до над Паралово. Дојдоа двајца жители и ми рекоа ќе доаѓаш по нас. Од Грумази до над Паралово тоа не беше пат, туку козјо патче, машина од 100 тона со 6 метри нож, не знам кој би се нафатил да ја пренесе по тој пат. Поминав околу 3 километри, од едната страна провалија 300 метри, а од друга страна планината, а возев по коса линија, раскажува Јанкуловски.



Со машината пожртвувано работел 500 метри од сртот надолу кон манастирот и селото Паралово. Во еден момент влегол директно во огнот, напрвил колку појаси и се запрело ширењето на пожарот.



AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






# СОБРАНИЕТО ЕКСПРЕСНО ГО УСВОИ РЕБАЛАНСОТ НА БУЏЕТОТ



Собранието за само едно попладне го усвои ребалансот на Буџетот за 2024 година. „За" гласаа 67 пратеници, „против" беа 7 (само толку опозициски пратеници имаше во салата, другите бојкотираа) и немаше воздржани.

Иако за расправа за буџетот се предвидени три дена, гласањето се случи брзо откако од опозициската СДСМ зборуваше само поранешниот премиер Димитар Ковачевски, кој кажа дека тие нема да го поддржат ребалансот и дека нема да ја одолговлекуваат расправата.

ДУИ, пак, претходно ја напушти седницата бидејќи беше симнат од дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Со ребалансот, вкупните приходи се планирани на 318.2 милијарди денари (околу A$8.6 милијарди) , што е за 2.6% повеќе во однос на иницијалните проекции, а вкупните расходи се планирани на 362.8 милијарди денари (околу A$9.8 милијарди) или за 5.6% повеќе во однос на иницијалните проекции. Дефицитот е планиран на ниво од 44.7 милијарди денари (A$1.2 милијарди), односно од иницијално планираните 3.4% на 4.9% од БДП.

Министерката за финансии Гордана Димитриеска Кочоска кажа дека ребалансот е „крпење на дупките", односно обид на новата Влада да обезбеди ликвидност за редовно сервисирање на сите обврски до крајот на годината со истовремено обезбедување нормално функционирање на институциите и реализација на проектите што имаат соодветна динамика. Со иницијалниот Буџет не било планирано она што било законски, а со ребалансот предвидено е не само тоа, туку и сервисирање на многуте доспеани обврски.

Има пари, рече министерката, за плати, пензии, како и средства за општините. Според неа линеарното зголемување на пензиите е најдобриот модел, а минималната плата и нејзиното покачување допрва треба да се утврдува, како што рече, правилно, врз реална основа.

За коридорите 8 и 10, повтори дека двата проекта не може паралелно да се тераат. Можеби за две-три години ќе може да се вклучи Коридорот 8 кој засега за нас нема додадена вредност, а Коридорот 10, нагласи, за бизнис секторот е многу поважен и притоа, обврска и приоритет на власта е на компаниите да им излезе во пресрет.

На прашањето за „Бехтел и Енка", Димитриеска Кочоска одговори дека за следната година се предвидени 250 милиони евра.

Осврнувајќи се на долгот кон странство, нагласи дека веќе не постои ризик за кредитниот рејтинг на државата.



# Дали каматните стапки ќе се намалат оваа година?




Економските експерти очекуваат *Централната банка (РБА)* на состанокот кој треба да се одржи на 24 септември да одлучува за висината на готовинските каматни стапки, но оние кои земале кредити се предупредени на опасноста од можно ново зголемување на каматните стапки во иднина. Според предвидувањата на **Герет Ерд**, економиски експерт на *Комонвелт* банка и водител на *Australian Economics*, се очекува каматната стапка да остане непроменета, но се наведува дека Управниот одбор на *РБА* веројатно ќе изјави како „ништо не е исклучено" кога станува збор за идните промени.

Доколку овие прогнози се покажат како точни, *РБА* постоечките каматни стапки ќе ги остави на сегашното ниво, што е максимум во последните 12 години, при 4.35% и на тој начин ќе продолжи со обидете да ја заузда инфлацијата до посакуваниот опсег од 2 до 3%, што очекуваат да го постигнат до средина на 2026 година. „Очекуваме готовинската каматна стапка да остане иста како и до сега, а можностите за било каков друг исход се мали. Очекуваме гувернерката на *РБА* (**Мишел Булок**) да се држи до истиот рецепт кој го користи на секоја прес конференција која ја имала во текот на годинава, имено Управниот одбор и понатаму да ги следи потенцијалните промени на инфлацијата, притоа признавајќи дека растот на *БДП* е слаб и изгледите се неизвесни" - напиша тој.

Минатиов вторник, на домаќинствата и економските експерти им олесни откако во јунскиот квартал индексот на потрошувачки цени порасна од 3.6% на 3.8%. Овој раст, иако е над посакуваниот опсег на РБА, и понатаму е во согласност со прогнозите. Меѓутоа, најважната бројка која говори за основната инфлација, или намалената средна вредност која ги исклучува поголемите движења на цените и предвидувањата за основната инфлација, падна од 4% на 3.9%. Новите каматни стапки ќе бидат објавени паралелно со објавата на кварталниот извештај за монетарната политика, во кој е земен предвид и енергетскиот рабат на владата во износ од $300.

**Стивен Ву** од *CommBank* очекува овој рабат да доведе до тоа РБА да ја ревидира состојбата на инфлацијата со „надолна корекција", но предвидува средната вредност на основната инфлација најверојатно да остане на истото ниво како и до сега.

*„Поконкретно, очекуваме во новата изјава и понатаму да ја има реченицата која ја имаше и во јунската изјава, а која вели дека развојот на каматните стапки кои најдобро ќе обезбедат враќање на инфлацијата на целниот опсег во разумна временска рамка и понатаму е несигурен, а Управниот одбор во овој момент не може ништо да исклучи. Иако одборот на РБА ги поздрави најновите податоци за инфлацијата, нема потреба да отстапуваме од досегашните изјави. Се уште е премногу рано да се промени тактиката"* - напиша тој.

Иако некои економски експерти предвидоа намалување на каматните стапки „пред Божиќ", финансиската споредба на *RateCity* апелира до оние кои земале кредит да се подготват за




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

можноста да има идни зголемувања на каматните стапки бидејќи инфлацијата не попушта. Зголемувањето на каматните стапки од 25 бодови би можело да доведе до тоа да оние кои земале кредит во вредност од $500.000 месечната рата им се зголеми за $75 повеќе од порано, а вкупните плаќања да се зголемат за $1.285 во споредба со мај 2022 година, кога каматните стапки почнаа да растат. Калкулациите за хипотеките од $750.000 би значеле месечните рати да се зголемат за $112 или вкупно $1.928 откога почнаа да се зголемуваат каматните стапки.

*„Каматните стапки и понатаму се во согласност со планот на РБА да ја врати инфлацијата на целното ниво од средината на 2026 година, со што ќе добие повеќе време да го продолжи сегашниот план“* - вели **Сали Тиндал**, директорка за истражување на *RateCity.com.au.*

*„Меѓутоа, времето одминува за РБА. Ако инфлацијата во Австралија не почне да паѓа или, уште полошо, ако продолжи да се движи во погрешна насока, Управниот одбор на РБА ќе мора да дејствува.“*

Меѓутоа, таа вели каматните стапки најверојатно ќе останат исти, што на оние кои земале кредит им дава малку време да се подготват за нивно нов зголемување. *„Ако веќе поинаку не сте ги распределиле дополнителните пари кои сте ги заштедите со третата фаза на даночни олеснувања, оставете ги. Ако со нив веќе сте ги пополниле дупките во вашиот буџет, сега е моментот да најдете други начини за намалување на притисокот“* - додаде таа.

# Хеликоптер се урна на покрив на хотел во Квинсленд





***Несреќата се случи на покривот од хотелот Хилтон во градот Кернс, кој е познат како главна почетна точка за посета на Големиот корален гребен***

Пилотот **Блејк Вилсон** загина, а двајца се повредени, и околу 400 беа евакуирани кога хеликоптер падна на покривот на хотел во туристички град *Кернс*.

Службите за итни случаи беа повикани во понеделникот навечер околу 2 часот по локално време, откако двомоторен хеликоптер се урна во покривот на хотелот, предизвикувајќи пожар на горниот дел од зградата што предизвика евакуација, се вели во соопштението на државната полиција на *Квинсленд*.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Охридското Езеро и Кањонот Матка прогласени за споменици на природата

Охридското Езеро и Кањонот Матка конечно се прогласени за споменици на природата.

Пратениците во македонското Собрание усвоија закони со кои три природни локалитети во Македонија добија посебен, заштитен статус.

Охридското Езеро и Кањонот Матка се прогласуваат за споменици на природата, а Студенчишко Блато кај Охрид, доби статус парк на природата.





# Гори во националните паркови „Маврово“ и „Галичица“

Директорот на Центарот за управување со кризи (ЦУК), Стојанче Ангелов, апелираше граѓаните да бидат исклучително внимателни, да не предизвикуваат пожари, а доколку забележат пожар веднаш да го пријават.

Во моментов се активни 11 големи пожари. Критично беше кај селото Врбен во Националниот парк „Маврово“ каде пожарот се доближи на 500 метри од првите куќи во селото. Таму дејствуваа два „ер-трактори“ и еден полициски хеликоптер.

Други тешки пожари горат во општина Македонски Брод (повеќе од 20 дена) и во Пехчево каде македонски и српски хеликоптери се борат со пламените јазици што веќе проголтаа 300 хектари борова шума, а има сериозни индиции дека некој намерно го подметнал.

Гори и во Новаци, Охрид и Ресен каде гори од двете страни на Националниот парк „Галичица“ (пожарот дојде од Албанија), како и во општините Пласница, Кочани, Македонска Каменица и Долнени. Три тешки пожари беснееја и на територијата на општина Кичево кај селата Патец, Зајас и кај местото викано Нора ранч.

Според податоците на ЦУК во текот на јули имало 765 пожари на отворен простор.


Reg. No. A0042461G
АХАМ BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЦИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Верјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Мицкоски ѝ објави војна на Арсовска – има рок од седум дена да го спастри Скопје или Владата ќе се вклучи



Премиерот Христијан Мицкоски рече дека алармантни повици пристигнувале до Владата во врска со институции под ингеренции на Градот Скопје. Тој ги повика да си ја вршат работата за што се платени, оти, инаку, ќе се разгледаат можностите за одземање на тие ингеренции. Според него тоа што денеска се случува во Скопје не личи на земја што е во НАТО и што е кандидат за членка на Европската Унија.

- Го слушаме гласот на скопјани. Од тоа што можам да кажам сега за сега, ова е повик до институциите што се под ингеренции на Градот Скопје, да си ја вршат работата за што се платени. Во спротивно, ќе мораме сериозно да ги разгледаме можностите за одземање на тие ингеренции и да можеме како Влада да се справиме со тоа што денеска се случува. Јавниот градски превоз, хигиената за што претходно зборував и така натаму, рече тој.

Тој кажа дека Владата ги плаќа ратите за автобусите на скопската градоначалничка Данела Арсовска. Зачудува тоа што таа дури воопшто не сака да комуницира со министерката за финансии Димитриеска-Кочоска.

Тоа се случи, да не успее Градот Скопје навремено да ја плати ратата што беше како дел од обврските за набавка на автобуси во минатото. Таа е во висина од нешто над 50-ина милиони денари основен долг. Основниот долг е некаде околу 42-43 милиони денари, другото се камата. Министерството за финансии, односно министерката, ме информираше после неколку ургенции и немање одговор од страна на Градот, нормално, по ургенција на доверителот, на банката, мораше да преземе чекор и да го плати долгот на Градот Скопје, бидејќи тие не успеаја тоа да го направат. Се поставува прашањето дали можеби треба и како држава и како Влада, да направиме и некои дополнителни чекори за друг тип ингеренции и обврски што ги има Градот Скопје, а што гледаме дека не ги извршува навремено, посочи премиерот, појаснувајќи дека ова особено се однесува во делот на хигиената.



# Граѓанскиот суд Скопје ги прогласи за виновни Владата и општините Битола и Штип за сегрегација на децата-Роми при упис во училиште



Основниот граѓански суд во Скопје со судска пресуда утврди дека Владата, Министерство за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат, Општина Битола и Општина Штип, сториле дискриминација врз децата – Роми во образовниот процес.

Од сите доставени докази од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права како тужител, Судот утврди дека во конкретниот случај била сторена сегрегација на децата Ромина начинот на којшто биле формирани паралелките во ООУ „Ѓорѓи Сугарев" во Битола и ООУ „Гоце Делчев" во Штип, како и со несоодветно упатување на децата Роми во образовни установи кои се наменети за ученици со интелектуална попреченост.

„Владата, МОН, ДПИ, Општина Битола и Општина Штип со непреземање, односно, пропуштање да преземат активности за рамномерно и соодветно распоредување на учениците Роми со другите етнички заедници во паралелките; не презеле односно пропуштиле да преземат активности за процес на десегрегација во училиштата каде постојат сегрегирани паралелки со деца Роми; не презеле односно пропуштиле да преземат активности за санкционирање на актите на дискриминација сторени од основните училишта", пишува во пресудата.

Судот ги задолжил сите тужени органи да ги преземат сите потребни дејствија за десегрегација на децата Роми во образовниот систем и да ги преземат сите дејствија за рекатегоризација на децата Роми кои учат во специјалните училишта.




## Светската популација пораснала за над 50%, на Балканот опаднала за скоро 1/3

Помеѓу 1990 и 2023 година светската популација пораснала за повеќе од 50%. Но, не сите земји пораснале со иста стапка, всушност кај некои населението воопшто не пораснало туку напротив - значително се намалило.

Западноевропските земји бележат значителен раст на населението, иако наталитетот е намален, што укажува на миграција во регионот.

Турција (+56%) и Ирска (+48%) имаат регистрирано најголем раст за земјите со повеќе од 1 милион жители. Од друга страна, Русија и неколку земји од поранешниот советски блок сега имаат помалку луѓе отколку во 1990 година, кога падна Берлинскиот ѕид. Балканските земји, исто така, забележаа пад на населението, по брановите на емиграција што следеа по југословенските војни. ММФ проценува дека речиси 25 милиони источноевропејци заминале меѓу 1990 и 2015 година, што е повеќе од вкупното население на Чешка и Унгарија. Оваа анализа покажува дека иселувањата се главно од земјите со помалку ефективно владеење на правото и послаби институции, каде емиграцијата е обично од образованите и квалификуваните работници.

# Најголемото растение во светот е Посидониа аустралис

**Најголемата билка во светот не е некој џиновски дрвен гигант во амазонските џунгли, туку морска трева позната како *Посидониа аустралис*.**

*Посидониа аустралис*, честопати нарекувана „морска трева", расте во морските екосистеми долж бреговите на *Австралија*. Ова неверојатна билка се простира на површина од околу 200 квадратни километри, што е еквивалентно на површина на град како *Париз*.

Научници од Универзитетите во *Западна Австралија* и *Флиндерс* откриле морска трева *Посидониа аустралис* во плитките води покрај брегот на *Австралија*. Веднаш почнале со проучување на билката, настојувајќи да откријат колку различни билки има на заливот *Шарк*, 831 километар северно од *Перт*.

Со помош на генетско тестирање е утврдено дека големата подводна ливада долж брегот на западна *Австралија* всушност е една билка која се проширила од едно семе во тек на период од преку 4500 години. Оваа уникатна билка се размножува со клонирање, ширејќи ги своите корени и стебла во сите правци, создавајќи огромна мрежа која се протега со километри. Австралиските научници користеле генетска анализа со која откриле дека огромните полиња на оваа морска трева всушност се состојат од еден единствен организам.

Научниците собрале примероци и испитале 18.000 генетски маркери за да создадат генетски профил на секој примерок.



Тие сметаат дека билката е екстремно отпорна бидејќи е изложена на широк распон на температури и голема количина светлина, што за повеќето билки претставува многу стресно опкружување.

Оваа морска трева игра клучна улога во екосистемот. *Посидониа аустралис* обезбедува живеалиште за бројни морски видови, помага во стабилизирање на морското дно и игра значајна улога во апсорпцијата на јаглерод диоксид, со што придонесува во борбата против климатските промени. Откривањето на најголемата билка во светот, *Посидониа аустралис*, не потсетува колку природата е неверојатна и колку уште имаме да учиме за неа. Оваа морска трева не е само биолошко чудо, туку и клучен играч за одржување на здравјето на нашата планета.




# По тридневна потрага пронајден жив внукот на Атиџе Муратова кој исчезна близу реката Брегалница



Во подножјето на ридот *Богословец*, во близина на реката Брегалница, во атарот на селото *Бекирлија*, во неделата утрото е пронајден жив 35-годишникот **Исмаил Муратов** од светиниколското село *Дурфулија*, по кого се трагаше уште од петокот кога било пријавен за исчезнат. Тој е внук од брат на **Атиџе Муратова**, славната медарка од документарецот со две номинации за Оскар *„Медена земја"*. Групата спасители, роднини и припадници на силите на *Центарот за управување со кризи (ЦУК)*, на носила го пренеле преку *Брегалница* на место со повеќе меандри па спасувањето било многу тешко. Целата акција за пронаоѓање и спасување била организирана од градоначалникот на *Лозово*, **Бошко Цветковски**, кој вели дека во потрагата за спасување биле вклучени и дронови и тим од специјални единици.

*- Момчето беше неподвижно, крајно дехидрирано и во шок состојба, како во агонија, имаше отворени очи, но само гледаше нагоре, не зборуваше и воопшто не знаеше каде се наоѓа и што се случува со него,* вели Цветковски.

Директорот на *ЦУК*, **Стојанче Ангелов**, вели дека само што тргнал за *Новаци* добил известување оти човекот било пронајден, па веднаш ја сменил релацијата и се упатил кон *Богословец* и реката *Брегалница*. Исчезнатиот претходно имал обврски на семејната сточарска фарма во близина на реката.

*- Поради непристапниот терен и немањето интернет се искачив на највисокиот рид од каде можев да упатам само СМС порака, па усмерив еден од хелокоптерите да долета кај Богословец и на негов сигнал се спушти кон реката Брегалница. Момчето на носила го пренесовме преку реката и веднаш го качивме во хеликоптерот и го пренесовме во Скопје во Клиничкиот центар*, вели Ангелов.

# Прилепчанка (53) собрала 200.000 денари од картичка на туѓо име

*СВР Струмица* поднесе кривична пријава против **В.Л.**(53) од *Прилеп* поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело *„оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем"*.

Според информациите, во периодот од јануари 2023 до 09.05.2024, пријавената од картичка на туѓо име, подигнала парични средства од банкомати на банка на повеќе локации, со што се стекнала со противправна имотна корист од 200.000 денари (околу A$5,600).


## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# ПРОСЛАВЕНА МАНАСТИРСКАТА СЛАВА НА МАНАСТИРОТ ВО КИНГ ЛЕЈК



Минатиот петок, на денот кога се празнува споменот на *Светиот Климент Охридски,* на светиот великомаченик *Пантелејмон* и на светите Седмочисленици, во манастирот *„Свети Климент Охридски"* во *Кинг Лејк,* игуменот на манастирот, отецот **Гаврил** (**Галев**), во сослужение на свештениците: протоереј ставрофор митроносец **Михаил Протопопов** и протоерењ **Јован Димитров** од Руската загранична православна црква, протоерењ ставрофор **Петар Дамљановиќ** и ерењ **Дејан Милошевиќ** од





Српската православна црква, како и на ерејот **Климент Станковски** отслужи *Света Златоустова Литургија* со што свечено беше прославена манастирската слава. На Литургијата учество зеде мноштво народ, кој се причести со *Светите Христови Тајни.*

Радоста беше голема кај свештениците и кај сите верници, кои дојдоа да го прослават својот закрилник светиот **Климент Охридски**. Верните парохијани собрани околу своите пастири заедно ги упатија своите искрени молитви кон Бога.

# Австралија и Нов Зеланд ќе им помогнат на островските нации во случај на катастрофа



*Австралија* и *Нов Зеланд* соопштија дека ќе обезбедат 42,6 милиони австралиски долари за островските нации во *Тихиот Океан* за складирање хуманитарна помош во регионот за да се подготват за зголемени климатски катастрофи. Регионот на островите на *Тихиот Океан* е подложен на влошени разорни циклони, додека таканаречениот *„Огнен прстен на Пацификот"* е сеизмички активен, предизвикувајќи земјотреси кои можат да предизвикаат цунами и ерупција на подводни вулкани како што беше *Хунг Тонга-Хунг Хаапаи* во 2022 година. Многу островски земји во *Пацификот* се оддалечени, имаат лоши транспортни врски и се потпираат на одбранбените сили од *Австралија, Нов Зеланд, САД* и *Кина* по катастрофи. Позиционирањето на хуманитарни резерви во магацини во 14 земји ќе им овозможи на островите во *Тихиот Океан* да одговорат во првите 48 часа по вонредната состојба за да спасат животи, се вели во соопштението на *Австралија* и *Нов Зеланд. Источен Тимор* исто така е опфатен со програмата. Австралиската министерка за надворешни работи, **Пени Вонг**, рече дека *„ќе се погрижи да има лесно достапна поддршка и залихи на теренот за заедниците кога ќе се случи катастрофа"*.

Министрите за надворешни работи од регионот на *Пацифичките Острови* се состанаа на *Фиџи*, пред годишниот состанок на лидерите на *Форумот на Пацифичките Острови* овој месец во *Тонга*.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискиот Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Германија издаде налог за апсење на нуркачот одговорен за експлозијата во Северен тек



*Германија издаде европска потерница за украински инструктор по нуркање, кој наводно бил дел од тимот одговорен за експлозијата на гасоводот „Северен тек“, се наведува во извештајот на три германски медиуми.*

Германската полиција верува дека човекот, за кој се знае дека живеел во *Полска*, бил еден од нуркачите кои поставиле експлозивни направи на цевководите што водат од *Русија* до *Германија* под *Балтичкото Море* во септември 2022 година, објави весникот *SZ* и *„Цајт“ (Die Цајт)* и германскиот јавен сервис *АРД*.

Канцеларијата на германското државно обвинителство одби да го коментира извештајот.

Во јуни, *Германија* побара од *Полска* да го уапси дотичниот човек, според извештајот.

Магазинот *„Шпигел“*, повикувајќи се на извори, објави дека верува дека осомничениот ја напуштил *Полска*.

Уште еден маж и жена, исто така украински инструктори за нуркање, се осомничени за саботажа, но засега по нив не е распишана потерница, наведуваат споменатите медиуми.

Останува нејасно кој стои зад експлозиите што уништија три од четирите гасоводи, кои станаа симбол на зависноста на *Германија* од рускиот гас од почетокот на војната во *Украина* во февруари 2022 година.

Шведските инспектори пронајдоа траги од експлозив на неколку предмети пронајдени на местото на експлозијата, потврдувајќи дека тоа било намерно.

Минатиот јануари, *Германија* изврши рација на брод за кој рече дека можеби се користел за транспорт на експлозивите и им кажа на *Обединетите нации* дека веруваат дека обучени нуркачи можеле да ги прикачат уредите на цевководи на длабочина од околу 70 до 80 метри.



# Околу 25 тони радиоактивен отпад истече од нуклеарната централа Фукушима



Околу 25 тони вода, загадена со радиоактивен отпад, истекоа од блок два на јапонската нуклеарна централа *Фукушима-1*, објавија јапонските медиуми, повикувајќи се на енергетската компанија *„Tokyo Electric Power"*.

Увидот на зградата на реакторот откри дека околу 25 тони вода истекле во подрумите преку канализацијата. Не е откриено надворешно истекување. Се наведува дека робот ќе се користи за подетален преглед.

Нуклеарната катастрофа во 2011 година во нуклеарната централа *Фукушима-1* беше предизвикана од цунами предизвикано од земјотрес што ги уништи генераторите за итни случаи кои обезбедуваат енергија за ладење на реакторите.

Плановите предвидуваат нуклеарниот објект целосно да биде деактивиран до 2050 година.

# Британската полиција соопшти дека по немирите во Британија се уапсени повеќе од 1.000 луѓе




Британските власти уапсија повеќе од 1,000 луѓе по немирите, кои вклучуваа насилство, палење и грабежи, како и расно мотивирани напади врз муслимани и мигранти, објавија британските медиуми, повикувајќи се на соопштение на полицијата во *Велика Британија*. Немирите што уследија по убиството на три девојчиња во северниот англиски град *Саутпорт* започнаа по нападот на 29 јули, за кој погрешно беше обвинет муслимански мигрант врз основа на дезинформациите што се шират на интернет.

Насилството избувна во многу градови низ *Англија*, како и во *Северна Ирска*, но судирите со органите на редот сега се помалку од минатата недела, бидејќи полициските напори да ги идентификува инволвираните земаа замав. Многу од оние кои беа вклучени во насилството беа брзо затворени, а некои добија долги казни. Според полицискиот извештај, ширум *Велика Британија* се уапсени 1,024 лица, од кои обвинети се 575 лица. Меѓу уапсените е и 69-годишен маж обвинет за вандализам во градот *Ливерпул*, како и 11-годишно момче во *Белфаст*. Според обвинителите, 13-годишно девојче се изјаснило за виновно за удирање и клоци на влезната врата од дом за мигранти на 31 јули.

# ПРОМЕНИТЕ ВО ЖИВОТНИОТ СТИЛ МОЖЕ ДА ВЛИЈААТ НА ДЕПРЕСИЈАТА

Околу 3,2 милиони Австралијци живеат со депресија. Во исто време, малкумина ги исполнуваат препорачаните упатства за исхрана или физичка активност. Една нова студија покажува дека подобрувањето на квалитетот на исхраната и поголема физичка активност може да биде исто толку ефикасно како и терапијата со психолог за лекување на депресија од низок степен, пишува „Саенс алерт“.

Наодите од студијата сугерираат дека нутриционистите и професионалците за физичко образование може еден ден да играат важна улога во управувањето со депресијата. За време на студијата, истражувачите се фокусирале на луѓето кои живеат во Викторија со зголемен стрес, што значи барем блага депресија, но не мора да било дијагностицирано ментално нарушување. Типичните симптоми вклучувале чувство на тага, безнадежност, раздразливост или плачење.

Во соработка со локалната служба за ментално здравје, тие регрутирале 182 возрасни лица и обезбедиле групни сесии. Сите учесници учествувале во најмногу шест сесии во текот на осум недели, со помош на здравствени работници.

Половина беа по случаен избор назначени да учествуваат во програма водена од акредитиран диететичар-нутриционист и специјалист за вежбање. Таа група, наречена Програма за начин на живот, разви цели за исхрана и вежбање кои вклучуваат: редовна, пријатна физичка активност, разновиден избор на храна, храна богата со висококвалитетни масти и ограничени количини на храна која содржи заситени масти и шеќери.

Втората група учествувала на психотерапевтски сесии спроведени од двајца психолози. Програмата за психотерапија користела когнитивна бихејвиорална терапија (КБТ), златен стандард за лекување на депресија во групи.



Во двете групи, учесниците можеле да ги продолжат нивните постоечки третмани (како земање антидепресиви). На двете групи им биле дадени работни тетратки и корпи од авторите на експериментот. Групата за животниот стил добила корпи за храна, додека групата за психотерапија добила предмети како што се боенка, топка за стрес и масажер за глава.

Во текот на осум недели, овие резултати покажале намалување на симптомите на депресија кај учесниците во програмата за начин на живот (42 отсто) и програмата за психотерапија (37 отсто). Таа разлика не била статистички или клинички значајна, па експертите можеле да заклучат дека, како што тврделе, двата третмани биле подеднакво добри.

Имало и одредени разлики меѓу групите. Луѓето во програмата за начин на живот ја подобриле својата исхрана, додека оние во програмата за психотерапија сметале дека ја зголемиле својата социјална поддршка во споредба со тие варијабли на почетокот на третманот.

Психолозите може да имаат долги листи на чекање. Резултатите од оваа компаративна анализа сугерираат дека, со соодветна обука и насоки, здружените здравствени работници кои се специјализирани за исхрана и вежбање би можеле да помогнат во решавањето на ова прашање.

Терапиите за начин на живот може да се комбинираат со психолошки сесии за да се обезбеди мултидисциплинарна нега.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

•Австралиско•Македонски•Неделник•

Edition No. 1827 Year 37 • Tuesday, 13 August 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
335 High St Preston
03 9471 4586
03 9471 4589
mobile 0401 686 970

САД ЌЕ ГО ЗГОЛЕМАТ СВОЕТО ВОЕНО ПРИСУСТВО ВО АВСТРАЛИЈА

ПОРАДИ СТРАВУВАЊЕ ОД ТЕРОРИСТИЧКИ НАПАД

ИСТРАЖУВАЊЕ НА „ГАЛУП":
МАКЕДОНЦИТЕ СЕ ВТОР НАЈГНЕВЕН НАРОД ВО ЕВРОПА

АВСТРАЛИЈА ЈА ЗГОЛЕМУВА БЕЗБЕДНОСТА

ПО КОЈЗНАЕ КОЈ ПАТ
КАЈ КАРПАЛАК УНИШТЕНА СПОМЕН-ПЛОЧАТА НА ЗАГИНАТИТЕ БРАНИТЕЛИ

ШУМСКИТЕ ПОЖАРИ ОПУСТОШИЈА 5% ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

ХАОС НА СВЕТСКИТЕ ПАЗАРИ И СТРАВ ОД РЕЦЕСИЈА: КОРЕКЦИЈА НА БЕРЗАТА ИЛИ НАЈАВА ЗА ГОЛЕМ КОЛАПС?


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанувација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ
573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Миовски во солзи се збогува со Абердин, замина во Каталонија



Македонскиот репрезентативец, Бојан Миовски го одигра последниот натпревар за Абердин. Навивачите на Абердин пееја песни во негова чест, а Миовски со солзи го напушти теренот.

Инаку, Миовски влезе од клупата во судиското надополнување на мечот со Сент Мирен, по што емотивно се прости од навивачите.

Претходните денови гласни станаа највите дека тој ќе се пресели во Цирона за нешто повеќе од 5.000.000 евра. Миовски си го исполни сонот, да игра во една од топ европските лиги и да настапи во Лигата на шампионите.

Во претходните две сезони Миовски постигна по 16 гола во шкотскиот шампионат, ќе видиме како ќе се снајде 25-годишниот во редовите на дебитантот во Лигата на шампионите.

## ДОРИЕВ БЛЕСКА: ПО 14 КОЛА Е ПРВ СТРЕЛЕЦ ВО УЗБЕКИСТАН!



Македонскиот напаѓач и повремен репрезентативец Љупче Дориев игра одлично во првенството на Узбекистан.

Дориев, кој настапува за тимот на Согдиана по 14 кола се наоѓа на врвот на листата стрелци. Во 14 натпревари постигна десет гола што во овој момент му се доволни за првата позиција пред Тома Табатадсе кој има осум и Драган Черан кој постигна седум погодци.

Исто така Дориев во минатото коло беше избран и во идеалниот тим. Согдиана во овој момент е третопласирана во првенството со 24 освоени бодови.

## ПМФЛ, прво коло:Струга ТЉ и Работнички со минимални победи



Стартуваше новата сезона во Првата македонска фудбалска лига (ПМФЛ). Актуелниот шампион на Македонија, Струга Трим Љум со победа ја отвори сезоната и со гол во финишот го совлада Тиквеш.

Шкендија беше сигурна на гостувањето кај Беса и славеше со 1:3, додека пак Шкупи се спасуваше од пораз против Воска и со два гола во финишот обезбеди реми од 3:3.

Работнички со 1:0 го совлада Силекс, додека пак Пелистер одигра 1:1 против Гостивар.

Брера Струмица во дербито на првото коло со 3:1 го совлада скопски Вардар.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 28 КОЛО**

# Рокдаел Илинден – Сатерланд Шаркс 1:1

Нерешено заврши локалното дерби со поделба на бодовите. Гостите многу рано дојдоа до водство во 4 минута преку Мичел Стамателис. Рокдаел Илинден успеа да изедначи пред крај на првиот дел, кога во 42 минута Алекс Урошевски ја затресе мрежата за 1:1.

До крај на средбата резултатот остана непроменет и сега Рокдаел Илинден е со четири бодови предност пред второпласираниот Маркони.

Во понеделник, на 19 август, Рокдаел Илинден гостува кај Сиднеј ФК со почеток во 19:45 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 66 |
| Маркони | 62 |
| АПИА Леикард | 52 |
| Блектаун Сити | 51 |
| Сент Џорџ Сити | 48 |
| Сиднеј Јунајтед | 47 |
| Волонгонг Вулвс | 43 |
| Сиднеј Олимпик | 39 |
| НЈВ Спирит | 33 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 32 |
| Манли Јунајтед | 29 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 29 |
| Централ Кост Маринерс | 28 |
| Сатерланд Шаркс | 26 |
| Хилс Јунајтед | 24 |
| Сиднеј | 23 |



**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 19 КОЛО**

# Стирлинг Македонија – Балката 2:2



Тешко освоен бод на Македонија парк, бидејќи на оваа средба постојано Стирлинг Македонија требаше да го брка резултатот. Гостите преку Бен Хиншелвуд во 20 минута дојдоа до водство од 0:1. За изедначување се покрижи Александар Таневски во 25 минута. Малку пред крај на првиот дел Балката повторно дојде до водство преку Лук Хадсон за 1:2.

Конечниот резултат беше поставен буквално во последните моменти во 92 минута од Томас Сноуден за 2:2.

Во сабота, на 17 август, Стирлинг Македонија ја пречекува екипата на Перт Глори со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 45 |
| Перт Ред Стар | 40 |
| Фриментл Сити | 33 |
| Стирлинг Македонија | 33 |
| Бејсвотер Сити | 29 |
| Армадел | 27 |
| Вестерн Најтс | 25 |
| Флореат Атена | 24 |
| Балката | 20 |
| Перт | 16 |
| Перт Глори | 12 |
| Инглвуд | 9 |





### ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 28 КОЛО

## Бонириг Вајт Иглс – Сиднеј Македонија 0:2

Забележана е важна победа во гости над Белите орли од Бонириг, и сега Сиднеј Македонија е на само четири бодови оддалечена од местото што носи промоција. Стрелец на головите беше Кристофер Пајн во 61` од пенал, и повторно во 70 минута за конечните 0:2.

Остануваат уште две кола до крајот и мора да се забележат две победи и во исто време да се надеваме дека Булс Академи ќе киксира. Следното коло Булс Академи игра го лидерот Маунт Друит Таун, а после тоа со Хакоа. За Сиднеј Македонија последната средба е со полесен противник Макартур Рамс, кој се наоѓа во долниот дел од табелата.

Во петок, на 16 август, Сиднеј Македонија има сериозен тест и гостува кај Блектаун Спартанс со почеток во 20 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маунт Друит Таун | 62 |
| Булс Академи | 59 |
| Сиднеј Македонија | 56 |
| Хакоа Сиднеј | 53 |
| СД Раидерс | 50 |
| Нордерн Тајгерс | 45 |
| Блектаун Спартанс | 45 |
| НЈВ Универзитет | 44 |
| Ридалмер Лајонс | 36 |
| Интер Лајонс | 36 |
| Бонириг Вајт Иглс | 35 |
| Кантербури Бенкстаун | 33 |
| Дулвич Хил | 23 |
| Макартур Рамс | 23 |
| Непеан | 15 |
| Дунбар Роверс | 15 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 25 КОЛО

## Хјум Сити – Алтона Маџик Вардар 2:0



Сигурна победа на домаќинот кој ја реши средбата уште во првото полувреме. Стрелци на головите беа: Џошуа Гулевски во 4` и Амир Абдала во 44 минута за 2:0. Алтона Маџик Вардар имаше солидна година и направи вистински изненадувања совладувајки силни екипи во втората половина од сезоната и ќе заврши во средината од табелата.

На крај од сезоната уште сега се знае дека со сигурност испаѓаат Манингам Јунајтед и Мореланд Сити, а на нивно место треба да дојдат подмладокот на Мелбурн Виктори и нашата Престон Македонија.

Во недела, на 18 август, Алтона Маџик Вардар ја пречекува екипата на Манингам Јунајтед со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 57 |
| Авондаел | 51 |
| Окли Канонс | 50 |
| Хјум Сити | 50 |
| Хајделберг Јунајтед | 48 |
| Данденонг Сити | 37 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 33 |
| Мелбурн Најтс | 32 |
| Алтона Маџик Вардар | 30 |
| Данденонг Тандер | 25 |
| Сент Албанс | 25 |
| Грин Гали | 24 |
| Манингам Јунајтед | 18 |
| Мореланд Сити | 11 |




AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДНЕВНИК
22
ISSN 1442-195X

# СПОРТ

# И СЕ СМЕЕЈА ВО ПАРИЗ, НО ТАА ЌЕ ЗАРАБОТИ МИЛИОНИ КАКО ИНТЕРНЕТ-СЕНЗАЦИЈА



Австралиската натпреварувачка во брејкденс, Рејчел Ган, неофицијално беше прогласена за најлоша спортистка на ЛОИ во Париз. Ган се натпреваруваше во брејкденс и го имаше најлошиот настап, според многумина не само во брејкденсот, туку воопшто во историјата на ЛОИ. Австалијката која настапуваше во Б групата под уметничото име Рејган беше убедливо најслаба.

Трите противнички на Рејган ја победуваа со максимални 18:0 и токму Австралијката беше единствената од 16 натпреварувачи која не успеа да освои ниту еден поен во трите настапи, иако ги уверуваше судиите дека сите нејзини движења се максимално креативни и оригинални.

Настапите на Ган на Игрите станаа вирални на социјалните мрежи и таа иако не стана спортска ѕвезда, стана интернет-сензација. На нејзина адреса веќе се пристигнати многу понуди од светски познати брендови како за спортски артикли, како и од останатите дејности.

Проценките се дека Ган ќе потпише меѓу три и пет договори со светски познати фирми, а секој договор треба да ѝ донесе по 800.000 долари, што значи дека заработката може да и достигне над 4 милиони долари.

